# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 27.11.2020 година<br>Скопје<br>Број 24 год. XV | Претплатата за 2020 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |
|---|---|---|



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


ноември, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/142 од 11.11.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, за период јули-септември 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .......................................................................... 1 - 2

- Решение за именување на член во Управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен од Советот на родители, со Решение за објавување .............................................................. 3 - 4

- Одлука за прифаќање донација на опрема за детско игралиште во Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Кочо рацин"-Скопје, за објект „Наум Наумовски Борче", лоциран на улица „Борка Талевски" бр. 50, со Решение за објавување ...... 5 - 6

- Буџетски календар за измена на Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година, со Решение за објавување ........................ 7 - 8

- Одлука за донесување техничка исправка на техничка грешка на **ГП 6.207** и **ГП 6.207а** во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................................. 9 - 10

- Одлука за прифаќање донација, со Решение за објавување ...................... 11 - 12

- Одлука за прифаќање донација, со Решение за објавување ...................... 13 - 14

- Одлука за одобрување парична помош за лекување на Јон Фрчкоски, со Решение за објавување ........................................................................... 15 - 16

- Јавна објава ........................................................................... 17

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/142 од 11.11.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јули-септември 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/142 од 11.11.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јули-септември 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/3
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/142 од 11.11.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јули-септември 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/142 од 11.11.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за период јули-септември 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/2
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родители**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родители,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/5
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 21/18; 198/18; 104/19 и 146/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родители**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје се именува

    - **Марина Путовиќ.**

2. Членот на Управниот одбор се именува за период од четири години.

3. Ова Решение да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца - детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

4. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/4
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација на опрема за детското игралиште во Јавната установа за деца - детска градинка „Кочо Рацин", за објект „Наум Наумовски Борче", лоциран на улица „Борка Талевски" бр. 50**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација на опрема за детското игралиште во Јавната установа за деца - детска градинка „Кочо Рацин", за објект „Наум Наумовски Борче", лоциран на улица „Борка Талевски" бр. 50,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/7
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15, 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација на опрема за детското игралиште во Јавната установа за деца - детска градинка „Кочо Рацин“, за објект „Наум Наумовски Борче“, лоциран на улица „Борка Талевски“ бр. 50**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од фирмата „Дамчевски“ дооел, Скопје, на опрема за детското игралиште во Јавната установа за деца - детска градинка „Кочо Рацин“, за објект „Наум Наумовски Борче“, лоциран на улица „Борка Талевски“ бр. 50.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/6
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар за измена на Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Буџетскиот календар за измена на Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/9
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за измена на Буџетскиот календар на**
**Општина Центар-Скопје за 2020 година**

1. Во Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година, во табелата, се врши следнава измена: се бришат точките 8, 9 и 10.

2. Буџетскиот календар за измена на Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/8
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување техничка исправка на техничка грешка за ГП 6.207 и ГП 6.207а во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување техничка исправка на техничка грешка за ГП 6.207 и ГП 6.207а во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/11
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), член 83 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување техничка исправка на техничка грешка за ГП 6.207 и ГП 6.207а во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува техничка исправка на техничка грешка за **ГП 6.207 и ГП 6.207а** во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 32/120).

**Член 2**

Техничка исправка на техничка грешка се врши за **ГП 6.207 и ГП 6.207а** во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, за плански период 2016-2021 година, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019 година.

За исправката на техничката грешка за **ГП 6.207 и ГП 6.207а** во ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, издадено е Мислење бр. 09-4777/2 од 12.11.2020 година од Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје со Решение бр. 09-4209/1 од 30.9.2020 година и тоа е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука техничката исправка на техничка грешка ќе стане составен дел на ДУП Градска четврт Ј 06 - дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, и ќе може да се применува.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/10
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/13
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
# за прифаќање донација

## Член 1

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата на четири (4) персонални компјутери од давателот на донацијата Групација ТИТАН Цементарница „УСЈЕ" АД Скопје.

## Член 2

Донираните персонални компјутери се наменети за спроведување онлајн-настава во основните училишта на Општина Центар-Скопје.

## Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општината да го потпише договорот за донација со давателот на донацијата.

## Член 4

Се задолжуваат надлежните сектори во Општината да ја спроведат оваа Одлука.

## Член 5

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5011/12
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/15
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата на два (2) персонални компјутера од дарителот на донацијата НЛБ БАНКА Скопје.

**Член 2**

Донираните персонални компјутери се наменети за спроведување онлајн-настава во основните училишта на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општината да го потпише договорот за донација со дарителот на донацијата.

**Член 4**

Се задолжуваат надлежните сектори во Општината да ја спроведат оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/14
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување парична помош за лекување на Јон Фрчкоски**

Се објавува Одлуката за одобрување парична помош за лекување на Јон Фрчкоски,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година.

Бр. 09-5011/17
26.11.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 56. седница, одржана на 26.11.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување парична помош за лекување**
**на Јон Фрчкоски**

**Член 1**

На Јон Фрчкоски, татко на Ева Фрчкоска, му се одобрува парична помош за лекување на Ева Фрчкоска, во износ од 100.000,00 денари за лекување.

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе ги исплати средствата од член 1 на оваа Одлука од Буџетот на Општината за 2020 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5011/16
26.11.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Ип1 бр. 33 - 109 од 26.08.2020г.**
**С К О П Ј Е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар - Скопје, врз **основа на член 134 став 1 и член 137 став 1** од Законот за градење (службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020 ), донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ ВЕЛИНОВСКИ АЛЕКСАНДАР, со адреса на живеење на улица „Волгоградска" број 4, Скопје, по приемот на ова решение, во рок од (3) ТРИ ДЕНА, да ја ОТСТРАНИ градбата – ДОГРАДБА НА ТЕРАСА ВО ПРИЗЕМЈЕ, со димензии 4м x 1,3м, која се гради од метална конструкција – столбови и подна конструкција, на улица „Наум Наумовски Борче" бр.88а, на КП 5392, КО Центар 1, Имотен лист бр. 102543, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, воведено во градежен дневник бр. 26 од 26.08.2020 г. на овластениот градежен инспектор.**
**2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување.**
**3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.**
**4. Жалбата против ова решение не го одлага ивршувањето на решението.**

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар - Скопје, постапувајки по службена должност изврши увид на лице место и констатира со записник за констатација ИП1. Бр. 33 - 109 од 26.08.2020 година, и градежен дневник број 26 од 26.08.2020 година, дека ИНВЕСТИТОРОТ ВЕЛИНОВСКИ АЛЕКСАНДАР, со адреса на живеење на улица „Волгоградска" број 4, Скопје, **НЕ ПОСЕДУВА** Одобрение за градење на градбата – ДОГРАДБА НА ТЕРАСА ВО ПРИЗЕМЈЕ, со димензии 4м x 1,3м, која се гради од метална конструкција – столбови и подна конструкција, на улица „Наум Наумовски Борче" бр.88а, на КП 5392, КО Центар 1, Имотен лист бр. 102543, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на наведените градби, согласно член 137 став 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради горенаведената градба без одобрение за градење **согласно член 59** од Законот за градење и **согласно член 134 став 1** од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение. Жалбата се таксира со 200,00 денери по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Игор Николовски диа**